Република Северна Македонија
Министерство за спорт

**ИНСПЕКЦИСКА СУЖБА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ**

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

| | |
|---|---|
| Број: | Ип.1.14-583/3 |
| Датум: | 09.06.2025 |

### 1. Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | КИКБОКС МАИТАИ федерација на Македонија |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. Антон Попов бр.1-1/Скопје- Кисела Вода |
| Адреса за е-пошта | kickboxwchm@gmail.com |
| Телефон | 070/203-020 |
| Матичен број на субјектот | 5066123 |
| Даночен број на субјектот | 4030995340632 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 30000000525970 |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Дејан Митровски | +389 71222299 | urko@urko.com.mk |

### 2. Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | **2 ВОНРЕДЕН** | |
| Датум на почеток на инспекцискиот | (ден,месец.година) **29.05.2025** | Време на почеток на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **13.00** |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | (ден,месец.година) **09.06.2025** | Време на завршување на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **12.00** |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | **Ул. Антон Попов бр.1-1/Скопје- Кисела Вода** | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | **93.12 Дејности на спортските клубови**<br>**10.2 - спортско здружение** | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | **Ул. Антон Попов бр.1-1/Скопје- Кисела Вода** | | |

### 3. Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ____________ година;
2. **Преставка од Кик Бокс Клуб "Варадар" Скопје, бр. 14-583/1 од 10.03.2025 година;**



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR
Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 201__ година
Потпис,

3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ______________, _________ од.година;
4. записник, за извршен инспекциски надзор број, бр. _______________ од.година.

**4. Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):**

| | |
|---|---|
| **1.** | **Васе Ефтимов, советник инспектор за спорт** |

**5. Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):**

Постапување по преставка од Кик Бокс Клуб "Вардар" Скопје поради тоа што клубот смета дека треба да биде примен во полноправно членство во Кик Бокс Маитаи федерација на Македонија.

**6. Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

1. употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој зап Се исник;
2. **Не се употребени листи за проверка, (вонреден инспекциски надзор член 70 став 3 од ЗИН)**

**7. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| | | |
|---|---|---|
| **Ирена Митровска - Технички Секретар** | +389 70203020 | kickboxwchm@gmail.com |

**8. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| | Име Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | **Драган Атанасовски** | **Генерален Секретар** |

**9. Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

**10. Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:**

Врз основа на извршениот увид на лице место во седиштето на КИКБОКС МАИТАИ федерација на Македонија на ден 29.05.2025 година со почеток во 13 часот и дополнително доставените податоци од субјектот на инспекциски надзор утврдена е следната фактичка состоја:

Врз основа на член 9 од Статутот на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија, Управниот одбор на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија на својата седница одржана на ден 03.03.2025 година, ја донесе следната О Д Л У К А за одбивање на барање за членство во Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија (КМФМ) на КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР од Скопје.

Барањето за прием на КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР од Скопје во Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија се одбива како неосновано.

Лицето Тони Стојановски е вистински сопственик на клуб КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР, но истиот во евиденцијата на КМФМ се појавува како сопственик на клуб ФАЈТ-ТИМ од СКОПЈЕ, кој е полноправен член на КМФМ.

Управниот одбор на КМФМ и Регистрационата комисија на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија сметаат дека пријавувањето на нов клуб во Федерацијата, а во сопственост и под раководство на лице кое веќе води клуб кој е полноправен член на КМФМ, создава конфликт на интереси и ги доведува во неповолна и нееднаква позиција останатите членови на КМФМ.

Имено, обата клуба под раководство на лицето Тони Стојановски имаат идентични цели и насоки и го негуваат и развиваат истиот спорт, што според Статутот на КМФМ и на клубовите членки на КМФМ не претставува омасовување на спортот, туку напротив единствено остава можност за манипулирање со државните средства насочени кон негување и развивање на спортот кои се достапни на клубовите од различни извори: Министерство за спорт на РСМ, локална самоуправа, Град Скопје и другите градови во државата, МОК и други релевантни институции и ги доведува во нееднаква положба останатите клубови кои го негуваат кик бокс спортот.

Согласно погоренаведеното, Управниот одбор на КМФМ одлучи Барањето бр.02/0302 од 16.02.2024 година на Здружение на граѓани КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР примено во КМФМ на 26.02.2024 година да се одбие како неосновано.

Лицето Тони Стојановски кој е вистински сопственик на КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР од Скопје тврди дека ги исполнува сите законски услови кои се бараат согласно "Законот за спортот" и видно од прилозите во неговата преставка до Министерството за спорт се гледа дека ги поседува сите потребни документи и има добиено Решение за вршење дејност спорт – Кик Бокс за КИК БОКС КЛУБ ВАРДАР од Скопје издадено од Министерството за спорт.

Во "Законот за спортот" не постои одредба со која би се обврзала Националната спортска федерација дека е должна да го прими спортскиот клуб во членство на истата.

Согласно член 10 од "Законот за здруженија и фондации" "Организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон".

Согласно член 58 од „Законот за здруженија и фондации" "Надзор на законитоста на примената на одредбите од овој закон врши Министерството за правда".

Република Северна Македонија
Министерство за спорт

- врз основа на утврдена фактичка состојба:

1. Во предметната преставка не се утврдени неправилности во **примена на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 96/19 и 244/19), во работењето на Националната спортска федерација.**

   **Согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на РСМ" бр.102/2019), постапката од предметниот Вонреден инспекциски надзор СЕ ЗАПИРА.**

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки: ///

**11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.**

**12. Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:**

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот | |
|---|---|---|---|
| Датум: | **09.06.2025 година** | Датум: | **09.06.2025 година** |

***Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините***